Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање јавна анкета и јавна презентација на АУП за дел од Блок 15, за промена на граници помеѓу ГП 15.2, ГП 15.3, ГП 15.4, ГП 15.5, во Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на АУП за дел од Блок 15, за промена на граници помеѓу ГП 15.2, ГП 15.3, ГП 15.4, ГП 15.5, во Општина Струмица, со површина од 3611,62$м^2$ кој граничи:

- од северната страна со КП 2130/1, КО Струмица;
- од западната страна со ул.„Климент Охридски”;
- од источната страна со новопланирана ул.„2";
- и од јужната страна со ул.„Крушевска Република".

**Член 2**

Одлуката за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи , на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Јавната анкета ќе трае од 04.02.2020 година до 10.02.2020 година,а јавната презентација ќе се одржи на ден 05.02.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 4**

АУП за дел од Блок 15, за промена на граници помеѓу ГП 15.2, ГП 15.3, ГП 15.4, ГП 15.5, во Општина Струмица, ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок преку анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-539/2
28.01.2020 год
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Коста Јаневски